# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

11 декември 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 21



Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/1**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 45 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр.36/90, "Службен весник на РМ" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 233/18 и "Службен весник на РСМ" бр.51/23, 65/23, 51/24 и 272/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба за извршување на задачите со остварување на функцијата член на Советот, како и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со закон.

**Член 2**

(1) На членовите на Советот на Општина Гази Баба им следува месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

(2) Средствата за исплата на надоместоците од ставот (1) на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Месечниот надоместок на членовите на Советот се утврдува во процентуален износ од **70%** од просечната месечна плата во Република Македонија, исплатена за претходната година, и тоа за присуство на седниците на Советот, за присуство на седниците на постојните и повремени комисии на Советот, за непосредно следење на одредени прашања од надлежност на Советот, за учество во изготвување и проучување на материјали за Советот или пак за вршење на други задачи кои ќе ги определи Советот.

**Член 4**

На Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од членот 3 на оваа одлука се зголемува за **30%**.

**Член 5**

(1) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за присуство на сите седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец.

(2) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Советот од седница на Советот, што ќе се одржуваат во тековниот месец.

(3) Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

(4) Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 6**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци, за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на административните службеници вработени во општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 7**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба, определени за склучување на бракови, за ангажираност на деновите за склучување на бракови се утврдува надоместок во износ од **600,00** денари во кој е пресметан и надоместокот за користење на превоз.

**Член 8**

Надоместокот за присуство на седници, за патни и дневни трошоци и за ангажираност на деновите на склучување на бракови, на членовите на Советот ќе се пресметува и исплатува согласно оваа одлука, преку секторот за финансиски прашања на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.16/21).

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/3**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9953/2**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (3) од Законот за полиција (''Службен весник на РМ'' бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.294/21, 89/22 и 160/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот совет за превенција е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гази Баба, како градење на доверба и партнерски однос и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општината.

**Член 3**

Локалниот совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, претставнци од Собранието на Република Македонија со живеалиште на подрачјето на општината, претставници од верските заедници, како и претставници од невладиниот сектор и медиумите како правни субјекти со седиште регистрирано на подрачјето на општината или кои дејствуваат на локално ниво на подрачјето на општината.

**Член 4**

Претставници на Локалниот совет за превенција (по функција односно по предлог од субјектите) се:

1. Градоначалникот на Општина Гази Баба;
2. Командирот на ПС од ОН ''Гази Баба'' - Скопје;
3. Претставник од одделението за превенција при МВР - СВР Скопје;
4. Пратеник во Собранието на Република Македонија од Општина Гази Баба;
5. Пратеник во Собранието на Република Македонија од Општина Гази Баба;
6. Претседателот на Совет на Општина Гази Баба;
7. Дејан Боневски - член на Совет на Општина Гази Баба;
8. Александар Вељановски - член на Совет на Општина Гази Баба;
9. Горан Николовски - член на Совет на Општина Гази Баба;

10. Макфире Исени - член на Совет на Општина Гази Баба;
11. Директорот на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје;
12. Претставник од урбана или месна заедница;
13. Претставник од Министерство за правда;
14. Претставник од Министерство за здравство;
15. Претставник од Министерство за одбрана;
16. Претставник од Министерство за образование и наука;
17. Претставник од МТСП - Центар за социјална работа - Гази Баба;
18. Претставник од Македонска православна црква - Охридска Архиепископија;
19. Претставник од Исламска верска заедница на Република Македонија;
20. Претставник од невладина организација; и
21. Претставник од медиум.

**Член 5**

Со Локалниот совет за превенција претседава Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Се задолжува општинската администрација да ги информира субјектите од членот 4 од оваа одлука, со цел определување на претставници во Локалниот совет за превенција.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Локален совет за превенција (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.3/22).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/4**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ, НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/3**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување (''Службен весник на РМ'' бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.215/21 И 124/25), а во врска со точка 14 од Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (''Службен весник на РСМ'' бр.181/21), член 22 став (1) точка 10 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ, НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

За претседател и членови на комисијата се именуваат:

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,** **- ФИЛИП АНАСТАСОВ** (член на Совет на Општина Гази Баба),

**ЧЛЕНОВИ,** **- ЈАСМИНА МАРИНКОВИЌ** (општинска администрација),

**- МИТКО АЏИКОТАРЕВ** (општинска администрација),

**- ЦВЕТАНКА МЕНКОВСКА** (општинска администрација),

**- ВИКТОРИЈА ТРАЈКОВА САВЕВСКА** (општинска администрација),

**- ТОМЕ ДИМОВСКИ** (општинска администрација).

**Член 3**

Комисијата од член 2 на оваа одлука е должна:

- Да изврши процена и утврдување на штетата на земјоделски култури, согласно Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (''Службен весник на РСМ'' бр.181/21), во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата;

- Утврдувањето на висината на штетата на земјоделски култури да го започне веднаш по настанување на непогодата, а најдоцна 30 дена од престанокот на непогодата или друга несреќа;

- Да изготви збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на земјоделски култури, на подрачјето на општината и да го достави до Советот на општината на разгледување и одобрување;

- Изготвениот збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на земјоделски култури, по разгледување и одобрување од Советот на општината, во рок од 360 дена од денот на престанокот на непогодата, да го достави до комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија;

- Да врши други работи согласно Законот за заштита и спасување и останатите законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 4**

(1) За работата на претседателот и членовите на комисијата и ангажираните надворешни стручни лица од членот 8 од оваа одлука, за постапување по секоја новонастаната природна непогода или друга несреќа, може да им се исплати поединечен надоместок за извршената работа во зависност од нивниот ангажман и учинок, во износ не поголем од висината на законски утврдената минимална плата.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член со решение го определува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по спроведување на постапката во целост и превземање на сите потребни дејствија од страна на комисијата и ангажираните надворешни стручни лица од членот 8 од оваа одлука.

**Член 5**

Средствата од член 4 на оваа одлука се исплаќаат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Мандатот на членовите на комисијата е 4 (четири) години односно до истекот на мандатот на членовите на советот за мандатен период 2025 - 2029 година.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Гази Баба, за секоја новонастаната природна непогода или несреќа, по извршениот увид на лице место од страна на комисијата и обезбедените податоци, може да ангажира стручно лице - овластен проценител заради обезбедување на потребна техничка и стручна помош на комисијата при изготвување на збирниот извештај (елаборат) со финансиски показатели за вкупната проценета штета.

**Член 8**

(1) Градоначалникот на Општина Гази Баба за секоја новонастаната природна непогода или несреќа, по претходна проценка за потреба, упатено барање и согласност од орган на државната управа, може со решение да ангажира надворешни стручни лица од орган на државната управа (или орган во состав на орган на државната управа), кои би дале стручна помош на комисијата.

(2) За ангажманот на надворешните стручни лица од ставот (1) на овој член, соодветно се применуваат одредбите од оваа одлука.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/5**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ, НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/4**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување (''Службен весник на РМ'' бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16, 83/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.215/21 И 124/25), а во врска со точка 14 од Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (''Службен весник на РСМ'' бр.181/21), член 22 став (1) точка 10 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ, НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 2**

За претседател и членови на комисијата се именуваат:

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,** **- ЖАРКО ЗДРАВКОВСКИ** (член на Совет на Општина Гази Баба),

**ЧЛЕНОВИ,** **- ДИМЧЕ ПЕТРОВ** (општинска администрација),

**- ВАСЕ ЈАКОВ** (општинска администрација).

**Член 3**

Комисијата од членот 2 од оваа одлука е должна:

- Да изврши процена и утврдување на штетата на градежни објекти, согласно Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи (''Службен весник на РСМ'' бр.181/21), во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата;

- Утврдувањето на висината на штетата на градежни објекти да го започне веднаш по настанување на непогодата, а најдоцна 30 дена од престанокот на непогодата или друга несреќа;

- Да изготви збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на градежни објекти, на подрачјето на општината и да го достави до Советот на општината на разгледување и одобрување;

- Изготвениот збирен извештај (елаборат) за проценетите штети на градежни објекти, по разгледување и одобрување од Советот на општината, во рок од 360 дена од денот на престанокот на непогодата, да го достави до комисијата за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, формирана од Владата на Република Македонија;

- Да врши други работи согласно Законот за заштита и спасување и останатите законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 4**

(1) За работата на претседателот и членовите на комисијата и ангажираните надворешни стручни лица од членот 8 од оваа одлука, за постапување по секоја новонастаната природна непогода или друга несреќа, може да им се исплати поединечен надоместок за извршената работа во зависност од нивниот ангажман и учинок, во износ не поголем од висината на законски утврдената минимална плата.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член со решение го определува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по спроведување на постапката во целост и превземање на сите потребни дејствија од страна на комисијата и ангажираните надворешни стручни лица од членот 8 од оваа одлука.

**Член 5**

Средствата од член 4 на оваа одлука се исплаќаат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Мандатот на членовите на комисијата е 4 (четири) години односно до истекот на мандатот на членовите на советот за мандатен период 2025 - 2029 година.

**Член 7**

Градоначалникот на Општина Гази Баба, за секоја новонастаната природна непогода или несреќа, по извршениот увид на лице место од страна на комисијата и обезбедените податоци, може да ангажира стручно лице - овластен проценител заради обезбедување на потребна техничка и стручна помош на комисијата при изготвување на збирниот извештај (елаборат) со финансиски показатели за вкупната проценета штета.

**Член 8**

(1) Градоначалникот на Општина Гази Баба за секоја новонастаната природна непогода или несреќа, по претходна проценка за потреба, упатено барање и согласност од орган на државната управа, може со решение да ангажира надворешни стручни лица од орган на државната управа (или орган во состав на орган на државната управа), кои би дале стручна помош на комисијата.

(2) За ангажманот на надворешните стручни лица од ставот (1) на овој член, соодветно се применуваат одредбите од оваа одлука.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/6**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА МЛАДИ ЛИЦА ДО 35 ГОДИНИ, ПРИ ИЗГРАДБА, ДОГРАДБА ИЛИ НАДГРАДБА НА ПРВ ДОМ**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/5**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА МЛАДИ ЛИЦА ДО 35 ГОДИНИ, ПРИ ИЗГРАДБА, ДОГРАДБА ИЛИ НАДГРАДБА НА ПРВ ДОМ**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува начинот и постапката за остварување на правото на целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, кои градат, доградуваат или надградуваат прв станбен објект за сопствени потреби на територијата на Општина Гази Баба, за делот кој го наплаќа Општина Гази Баба.

**Член 2**

Правото од член 1 од оваа одлука можат да го остварат лица кои истовремено ги исполнуваат следните услови:

- имаат најмногу 35 години на денот на поднесување на барањето;
- се жители на Општина Гази Баба најмалку 2 (две) години;
- градат, доградуваат или надградуваат прв дом во нивна сопственост;
- објектот се гради исклучиво за лични станбени потреби;
- поднесуваат комплетна техничка документација согласно Законот за градење;
- доставуваат изјава дека објектот ќе го користат за сопствено домување најмалку 10 (десет) години.

**Член 3**

Правото на целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, се однесува на:

- изградба на нова индивидуална куќа;
- доградба на посточки станбен објект за индивидуално домување;
- надградба на постоечки станбен објект за индивидуално домување со која се создава прв дом.

**Член 4**

(1) Барателот поднесува барање до општината преку надлежниот сектор.

(2) Надлежниот сектор ја спроведува постапката во однос на увид во списите и доставените докази за исполнетост / неисполнетост на законските услови и одредбите од оваа одлука и до Советот на Општина Гази Баба доставува известување за констатирана фактичка состојба за конкретниот предмет (барање).

(3) Советот на Општина Гази Баба со соодветна одлука решава по барањето во рок од **30 дена** од денот на прием на известувањето од надлежниот сектор од ставот (2) од овој член.

(4) Одобрувањето на барањето односно остварувањето на правото на целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, важи само ако се исполнети сите прописи за издавање на одобрение за градење.

**Член 5**

Ако објектот се оттуѓи во рок пократок од 10 години, барателот ја плаќа целата сума на надоместокот за уредување на градежно земјиште за делот кој го наплаќа Општина Гази Баба, со казнена камата.

**Член 6**

Поради усогласување со одредбите од оваа одлука, се задолжува секторот за урбанизам и градежно земјиште, одредбите од оваа одлука да ги имплементира во Предлог - Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, предмет на расправа и одлучување пред советот.

**Член 7**

Одлуката да се достави до сектор за урбанизам и градежно земјиште и сектор за финансиски прашања.

**Член 8**

Градоначалникот на Општина Гази Баба преку надлежните сектори од општинската администрација ќе обезбеди извршување на оваа одлука.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-9771/7**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ "ВЕРА ЈОЦИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/6**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (''Службен весник на РМ'' бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (''Службен весник на РСМ'' бр.236/25), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ООУ ''ВЕРА ЈОЦИЌ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ООУ ''Вера Јоциќ'', Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.50-6119/50 од 18 ноември 2025 година (''Службен весник на РСМ'' бр.236/25).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, за потребите на ООУ ''Вера Јоциќ'', Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Опис на движна ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1. | Дождомер | Ф.85 мм | 1 |
| 2. | Термометар | Дигитален мин-макс | 1 |
| 3. | Метеоролошка куќичка | Дрвена, со столб и стопа за монтажа | 1 |
| 4. | Влагометар со термометар | Дигитален | 1 |
| 5. | Термометар за почва | Дигитален, убоден | 1 |
| 6 | Барометар | Анероиден | 1 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ООУ ''Вера Јоциќ'', Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Министерот за животна средина и просторно планирање, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје, по уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/8**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/7**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и "Службен весник на РСМ" бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/23 и 2/24), во насловот и текстот, зборот "правилник" се заменува со зборот **"одлука"**.

### Член 2

(1) Во член 5 ставот (1) се менува и гласи:

"На јавниот оглас може да учествуваат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба според критериумите од членот 3 на овој Правилник, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или има регистрирано подружница чие седиште се наоѓа на територија на Општина Гази Баба."

(2) Ставот (2) се брише.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/9**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/8**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и "Службен весник на РСМ" бр.239/22), член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

**Член 1**

Во Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/23), во насловот и текстот, зборот ''правилник'' се заменува со зборот **''одлука''**.

**Член 2**

Член 5 се менува и гласи:

''На конкурсот може да учествуваат здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или има регистрирано подружница чие седиште се наоѓа на територија на Општина Гази Баба.''

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/10**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВЕН ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ВРСКА СО ПРОЕКТИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, во врска со проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/9**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВЕН ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ВРСКА СО ПРОЕКТИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност за пристапување на Општина Гази Баба како договорна страна, кон склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство во врска со проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба (бр.26-4859/4 од 27.09.2024 година / бр.03-1160 од 27.09.2024 година).

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба во име на Општина Гази Баба, да го склучи договорот од членот 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката да се достави до приватниот партнер и надлежните сектори во општинската администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/11**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/10**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 5 та седница одржана на 10.12.2025 донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА

за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -195.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -485.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -27.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 707.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 215.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -35.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -16.000 | 0 | 0 |
| 421210 | Централно греење | 0 | 0 | -1.530.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | -454.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 1.820.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на Службен Гласник на Општина Гази Баба и станува составен дел на буџетот за 2025 година

Бр. 09-9771/12
10.12.2025

Претседател на Советот на Општината
**Виктор Трпевски**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 17 ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА ЛОКАЛИТЕТ ЗАОБИКОЛНИЦА ОД КЛУЧКА "ХИПОДРОМ" ДО КЛУЧКА "СИНГЕЛИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2025 - 2030)**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/11**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 29 став (7) и став (8) и член 31 став (1), став (2) и став (3) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 17 ОД УПВНМ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НА ЛОКАЛИТЕТ ЗАОБИКОЛНИЦА ОД КЛУЧКА "ХИПОДРОМ" ДО КЛУЧКА "СИНГЕЛИЌ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, СКОПЈЕ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД (2025 - 2030)

### Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува измена и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030).

(2) Одлуката за донесување на измена и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030), ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12), Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).

### Член 2

(1) Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **23.49 ха,** кој се наоѓа во катастарска општина Инџиково вон град, Општина Гази Баба, Скопје, и е во рамките на следните граници:

- на североисток: осовина на улица "32", се совпаѓа со граница на планскиот опфат;
- на југоисток и на југ: се совпаѓа со граница на плански опфат;
- на запад: осовина на Автопат А4 - Обиколница Скопје.

(2) Границата на планскиот опфат претставува затворена полигонална линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | | Y=7545018.7663 | X=4650647.2477 |
| 2 | | Y=7544636.2773 | X=4650879.8220 |
| 3 | | Y=7544625.3042 | X=4650832.1652 |
| | bulge | 0.0159 | |
| 4 | center | Y=7545601.7551 | X=4650607.3368 |
| | radius | 1002 | |
| | startangle | 167 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | endangle | 171 | |
| 5 | | Y=7544612.9835 | X=4650769.6169 |
| 6 | | Y=7544607.2058 | X=4650734.4132 |
| | bulge | 0.0191 | |
| 7 | center | Y=7545220.0541 | X=4650626.6985 |
| | radius | 622.2423 | |
| | startangle | 170 | |
| | endangle | 174 | |
| 8 | | Y=7544600.7637 | X=4650687.2371 |
| | bulge | 0.0483 | |
| 9 | center | Y=7545554.8222 | X=4650587.6104 |
| | radius | 959.2461 | |
| | startangle | 174 | |
| | endangle | 185 | |
| 10 | | Y=7544599.3644 | X=4650502.4429 |
| | bulge | 0.0397 | |
| 11 | center | Y=7545596.4245 | X=4650608.6282 |
| | radius | 1002.6985 | |
| | startangle | 186 | |
| | endangle | 195 | |
| 12 | | Y=7544628.6635 | X=4650346.2491 |
| | bulge | 0.0031 | |
| 13 | center | Y=7549994.5888 | X=4651804.6613 |
| | radius | 5560.5864 | |
| | startangle | 195 | |
| | endangle | 196 | |
| 14 | | Y=7544647.2022 | X=4650279.6770 |
| 15 | | Y=7544661.3610 | X=4650279.6770 |
| 16 | | Y=7544666.8270 | X=4650277.0070 |
| 17 | | Y=7544672.2070 | X=4650277.5330 |
| 18 | | Y=7544679.8330 | X=4650279.5200 |
| 19 | | Y=7544688.4800 | X=4650285.0060 |
| 20 | | Y=7544706.5060 | X=4650297.6540 |
| 21 | | Y=7544725.0030 | X=4650308.8650 |
| 22 | | Y=7544746.5100 | X=4650318.7160 |
| 23 | | Y=7544766.7870 | X=4650326.1150 |
| 24 | | Y=7544787.5910 | X=4650329.8020 |
| 25 | | Y=7544808.5210 | X=4650332.0780 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 26 | | Y=7544828.9590 | X=4650331.4780 |
| 27 | | Y=7544855.7700 | X=4650323.8750 |
| 28 | | Y=7544870.5080 | X=4650317.3390 |
| 29 | | Y=7544893.1630 | X=4650309.0300 |
| 30 | | Y=7544907.5290 | X=4650305.1920 |
| 31 | | Y=7544918.8280 | X=4650302.9940 |
| 32 | | Y=7544946.8830 | X=4650289.4190 |
| 33 | | Y=7544989.0210 | X=4650301.7580 |
| 34 | | Y=7545043.6560 | X=4650319.7760 |
| 35 | | Y=7545059.9460 | X=4650325.2100 |
| 36 | | Y=7545072.6430 | X=4650329.5250 |
| 37 | | Y=7545095.7760 | X=4650339.9770 |
| 38 | | Y=7545125.3820 | X=4650353.6900 |
| 39 | | Y=7545147.9720 | X=4650366.9400 |
| 40 | | Y=7545180.6610 | X=4650382.7240 |
| 41 | | Y=7545208.3380 | X=4650396.4890 |
| 42 | | Y=7545241.5430 | X=4650413.8520 |
| 43 | | Y=7545269.4350 | X=4650427.7630 |
| 44 | | Y=7545273.4103 | X=4650429.7457 |
| 45 | | Y=7545155.2410 | X=4650542.7253 |
| 46 | | Y=7545108.2154 | X=4650584.8451 |
| 47 | | Y=7545104.7930 | X=4650581.1999 |
| 48 | | Y=7545101.2323 | X=4650584.5431 |
| | bulge | 0.0519 | |
| 49 | center | Y=7544758.9926 | X=4650220.0269 |
| | radius | 500 | |
| | startangle | 47 | |
| | endangle | 59 | |

(3) Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува **23,49 ха**.

**Член 3**

(1) Измената и дополнувањето на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030), со тех.бр.0801-02-01/25 од 11/2025 година, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Решение за овластени планери
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А.Текстуален дел:**

1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори.
2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој.
3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина.
4. Студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистичкото планирање и за конкретниот плански опфат.
5. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат.
6. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој.
7. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати.
8. Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот.
9. Податоци релевантни за подрачјето на планскиот опфат и неговото пошироко опкружување.

**Б.Нумерички дел**:

**В.Графичкидел**:

Извод од план

1. Пошироко опкружување на планскиот опфат со граници на соседни плански опфати 1:1000.
2. Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на плански опфат 1:1000.
3. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура.
4. Инвентаризација на градбите и водовите од вкупната изградена комунална и друга инфраструктура.
5. Инвентаризација на урбаното и другото зеленило во планскиот опфат 1:1000.

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.Текстуален дел:**

1. Вид на планот,назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период.
2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога.
3. Стратешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот.
4. Цели на урбанистичкиот план.
5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби.
6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура.
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план.
8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите.
9. Мерки:
   - мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина,
   - мерки за заштита и спасување,
   - мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад,
   - мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, и
   - мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за озеленување на населбите и животната средина и други плански одредби.

**Б.Нумерички дел:**

1. Нумерички показатели.
2. Билансни показатели.

**В.Графичкидел:**

1. План на намена на земјиштето и градбите 1:1000.
2. Регулационен план 1:1000.
3. План на парцелација 1:1000.
4. План на површини за градење 1:1000.
5. Сообраќаен план, нивелациски план 1:1000.
6. Инфраструктурен план 1 : 1000
7. План на зеленило 1:1000.

8.1.Синтезен план - план на намена на земјиштето и градбите, регулационен план, план на парцелација, план на површини за градење, план на зеленило 1:1000.

8.2.Синтезен план - сообраќаен, нивелациски план, инфраструктурен план 1:1000.
9. Синтезен план пречистена верзија интегрална на УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје со измена и дополнување на Блок 17 1:2500.

(2) Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, изготвени во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).

**Член 4**

Одлуката за донесување на урбанистичкиот план за вон населено место задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на одлуката за донесување на урбанистичкиот план за вон населено место е должен примерок од донесениот урбанистички план за вон населено место во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на урбанистичкиот план за вон населено место се применува по прикачување на одлуката за донесување на урбанистичкиот план за вон населено место во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/13**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/12**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 99 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24 и 2/25), во дел А.Просторен опфат и предмет на Програмата, графичкиот прилог со опфатени урбанистички планови и урбанистички плански документации, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 1 | УПВНМ Заобиколница од клучка Хиподром до клучка Синѓелиќ<br>(Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год.) |
| 2 | ДУП „Маџари-Хиподром“<br>(Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) |
| 3 | ДУП „СРЦ Железара“<br>(Одлука на Совет бр. 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) |
| 4 | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр. 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) |
| 5 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5<br>(Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) |
| 6 | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром)<br>(Одлука на Совет бр. 07-4426/5 од 17.11.2014 год.) |
| 7 | ДУП за градска четврт СИ 04 блок 3 (Одлука на Совет бр. 09-660/13 од 22.02.2016 год.) |
| 8 | АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за формирање на една градежна парцела со намена Г2, Г3 и Г4 од ГП 5.3, 5.4, 5.5 и 5.6 од УПВНМ за изградба на Индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ" -Општина Гази Баба (Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год. и Потрвда бр. 28-3/942/23 од 14.09.2020 година) |
| 9 | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО-СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА |
| 10 | ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба-Скопје, Плански Период (2018-2023) |
| 11 | ДУП “Градска Четврт С01 Блок 03” Општина Гази Баба-Скопје, (Одлука на Совет бр.09-4853/7 од 13.05.2025 год.) |

2.Во точка 2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и урбанистички план), графичкиот прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели, се менува и гласи:

| Ред. број | Градежни парцели | Намена | Урбан блок, локалитет, населено место | Назив на план | Број на гр. парцели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1.6 до 17.10 | Б2- големи трговски единици Г2, Г3, Г4- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта | Заобиколница | УПВНМ Заобиколница од клучка Хиподром до клучка Синѓелиќ (Одлука бр. 09-2755/11 од 20.07.2017 год.) | 40 |
| 2 | 1.10 | А4 – времено сместување | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр. 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 3 | 1.1 | Е2 – катна гаража | КО Гази Баба | ДУП „СРЦ Железара“ (Одлука на Совет бр, 07-1433/13 од 30.03.2011 год.) | 1 |
| 4 | 2.2 | Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год) | 1 |
| 5 | 1.1 | Б 6- градби за собири | КО Маџари | ДУП за СИ 10 (локалитет Хиподром) (Одлука на Совет бр. 07-4426/5 од 17.11.2014 год.) | 1 |
| 6 | 2.21 | В3- дом на култура | КО Сингелиќ 1 | ДУП за дел од МЗ. „Маџари 2“,УБ 5 (Одлука бр. 07-3980/14 од 26.10.2011 год.) | 1 |
| 7 | 2.7 | А3- групно домување | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр. 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 1 |
| 8 | 2.5 и 2.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 07 (Одлука на Совет бр, 09-4746/8 од 21.12.2015 год.) | 2 |
| 9 | 9.9; 11.1; 11.3;11.4; 11.5 и 11.6 | А2 – домување во станбени згради | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 6 |
| 10 | 9.1 | Б2-големи трговски единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 11 | 9.11 | Б1-мали комерцијални и деловни единици | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 1 |
| 12 | Од 3.2 до 3.16 (8 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 8 |
| 13 | Од 4.08 до 4.52 (27 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 27 |
| 14 | Од 5.2 до 5.41 (25 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 25 |
| 15 | Од 6.1 до 6.37 (32 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП "Маџари-Хиподром " (Одлука на Совет бр.07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 32 |
| 16 | Од 10.1 до 10.28 (21 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 21 |
| 17 | Од 11.10 до 11.73 (55 локации) | А1 – домување во семејни куќи | КО Маџари | ДУП „Маџари-Хиподром“ (Одлука на Совет бр. 07-293/3 од 29.01.2008 год.) | 55 |
| 18 | 5 (3,4,5,6) | Г- производство, дистрибуција и сервиси Г2 -лесна индустрија Г3-сервиси Г4-стоваришта | КО Инџиково | АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за формирање на една градежна парцела со намена Г2, Г3 и Г4 од ГП 5.3, 5.4, 5.5 и 5.6 од УПВНМ за изградба на Индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ" -Општина Гази Баба (Потврда бр. 28-3/942/23 од 14.09.2020 година) | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | 54 и 58 | В2- здравсто и социјална заштита<br>Б2- големи трговски единици | КО Маџари | ДУП за градска четврт СИ 04 Блок 3 (Одлука на Совет бр. 09-660/13 од 22.02.2016 год.) | 2 |
| 20 | 1.1<br>2.2<br>2.3<br>Од 3.1 до 3.9 | Б5- хотелски комплекс<br>А4-времено сместување<br>Д3-спорт и рекреација ( на отворено)<br>Е2 –комунална супраструктура | КО Стајковци<br>КО Црешево | УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО-СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ГАЗИ БАБА | 12 |
| 21 | 1.1<br>1.2 | Е2 –комунална супраструктура(станица за технички преглед)<br>Г3-Сревиси | КО Маџари | ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба-Скопје, Плански Период (2018-2023) | 2 |
| 22 | 03.16<br>03.18 | Б4-Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради | КО Маџари | ДУП “Градска Четврт С01 Блок 03” Општина Гази Баба-Скопје,( Одлука на Совет бр.09-4853/7 од 13.05.2025 год.) | 2 |

3. По графичкиот и текстуален дел на ДУП “Градска Четврт С26 Блок 01” Општина Гази Баба-Скопје, Плански Период (2018-2023), се додава следниот графички и текстуален дел:

- **ДУП “Градска Четврт С01 Блок 03” Општина Гази Баба-Скопје, (Одлука на Совет бр.09-4853/7 од 13.05.2025 год.)**




| Бр. на ГП | Површина на ГП (м²) | Површна под градба (м²) | Процент на изграденост | Изградена површина (м²) | Коефицие нт на искористе ност | Намена на замјиште | | Максимална висина на градба/ бр. на катови | Почетна единечна цена | Вкупна почетна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Основна | компати билна | | | |
| 03.16 | 1896 | 960 | 51 | 2880 | 1.5 | Б4-Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради | Б1, Б2, Б5, Д3. | 11.40/ П+2 | 2200 | 4.171.200,00 |
| 03.18 | 4353 | 2222 | 51 | 6665 | 1.5 | Б4-Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради | Б1, Б2, Б5, Д3. | 11.40/ П+2 | 2200 | 9.576.600,00 |

4. Во точка 5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата, прегледот се менува и гласи:

| Бр. | Населено Место (Локалитет) | Проценка на финансиски приходи ( о денари) |
|---|---|---|
| 1 | Населба Хиподром 2 | 49.000.000,00 |
| 2 | Населба Железара | 24.000.000,00 |
| 4 | Населба Маџари | 53.305.800,00 |
| 5 | Населба Ченто | 20.000.000,00 |
| 6 | Заобиколница | 25.000.000,00 |
| 7 | Спортско Рекреативен Центар Гази Баба | 90.000.000,00 |
| ВКУПНО | | 261.305.800,00 |

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-9771/14**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023 - 2028)

1. Се објавува Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/13**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ (ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023 - 2028)**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се донесува техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година.

(2) Техничката исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, во целост е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 104/22, 7/25, 143/25 и 241/25) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

**Член 2**

(1) Во ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, АКН при преклоп на податоците од ДУП со податоците од катастарските планови за КО Маџари констатира разлика во нумеричкиот показател во доставена проектна документација во површината на ГП 03.2 (332 $м^2$ ), ГП 03.6 (985 $м^2$ ), ГП 03.11 (2742 $м^2$) и во вкупната површина на градежни парцели (56999 $м^2$), со нумеричкиот показател во доставениот графички прилог во векторски формат во површината на ГП 0.32 (289,47 $м^2$), ГП 03.6 (981,63 $м^2$), ГП 03.11 (2746,21 $м^2$) и вкупната површина на градежни парцели (56965,74 $м^2$)

(2) Следствено на оваа неусогласеност, за формираните градежни парцели со број 03.2, 03.6 и 03.11 неточно се исчитани површините на овие градежни парцели, односно исцртаната површина на градежните парцели не е согласна помеѓу графичкиот дел и табелите за нумерички податоци. Во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на блок, исто така се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на намената В - јавни дејности и институции и Д - зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори.

**Член 3**

Техничката исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, со тех.бр.У-122/25 од ноември 2025 година, изготвен од Друштво за архитектонски дејности "УРБАНКОН" ДООЕЛ Скопје, содржи:

**СОДРЖИНА**

I. ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

● ПОТВРДА ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ
● ТЕКОВНА СОСТОЈБА
● ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
● РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
● ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРИ

II. ИЗВОД ОД ДУП

Извод од план бр.797/2025, арх.бр.28-3/3488-2 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.2
Извод од план бр.798/2025, арх.бр.28-3/3488-3 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.6
Извод од план бр.799/2025, арх.бр.28-3/3488-4 од 18-08-2025 за ГЧ СИ 01, Блок 03, ГП 03.11

III. ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА

● Вовед
● Планирана состојба според усвоена планска документација
● Техничка исправка

Прилози:
● Планска документација - текстуален и нумерички дел според техничка исправка
● Намена на земјиште, План за парцелација, Регулационен план, план на површини за градење и план на парцелација, План за зеленило, Електроенергенси, телекомуникациски и гасоводен инфраструктурен план, Синтезен сообраќаен и инфраструктурен план, според техничка исправка
● Синтезен план според техничка исправка

**Член 4**

Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028), донесен со Одлука бр.09-4583/7 од 13.05.2025 година, е должен примерок од одлуката за донесување на техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничка исправка е составен дел на деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/15**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ**
**НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР**
**НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9953/14**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17-г став (5) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 5 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 16 од Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ**
**НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР**
**НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Од должноста членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се разрешуваат:

**- ДЕЈАН БОНЕВСКИ,**

**- ЕЛЕНА ТАСЕВСКА,**

**- ИВАНА ТРАЈКОВСКА,**

**- МАРЈАН ГИЈОВСКИ.**

**Член 2**

За членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се именуваат:

**- БОБИ СТОЈАНОВСКИ,**

**- САШО АПОСТОЛОСКИ,**

**- МАРЈАН ГИЈОВСКИ,**

**- СУЗАНА ДАВКОВСКА,**

**- САЊА ДИМОВСКА,**

**- ИВАНА НИКШИЌ ТРАЈКОВСКА,**

**- АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА.**

**Член 3**

Членовите на управниот одбор од своите редови избираат претседател.

**Член 4**

Мандатот на именуваните членови е 4 (четири) години со право на уште еден последователен мандат и започнува од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 5**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/16**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за определување на висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/15**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 19 став (4) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се определува висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

(2) Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите надлежности и овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот, актите на основачот и актите на јавното претпријатие.

**Член 2**

(1) Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие.

(2) Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

(3) Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и во нето износ изнесува:

- За претседателот на управниот одбор надоместок од 6.000,00 денари, и

- За членовите на управниот одбор надоместок од 5.000,00 денари.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/17**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА
ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА
НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ
НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/16
од 11 декември 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 26-а, а во врска со член 17-г став (5) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 17 од Одлуката за основање на јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/07 и 4/07) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ

### Член 1

Од должноста членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се разрешуваат:

**- МОНИКА ИВАНОВСКА,**

**- ЈОНЧЕ ДАВИТКОВ,**

**- БОЈАН РАДОЈКОВИЌ,**

**- ЃОКО СМИЛЕСКИ.**

### Член 2

За членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, се именуваат:

**- МАЈА КОЧИЈЕВА,**

**- ЃОКО АРСОВ,**

**- АЛЕКСАНДРА ГОЧЕВСКА.**

### Член 3

Членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење, од своите редови избираат претседател.

### Член 4

Мандатот на именуваните членови е 4 (четири) години со право на уште еден последователен мандат и започнува од денот на влегување во сила на оваа одлука.

### Член 5

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

| | |
|---|---|
| **Број 09-9771/18** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| **од 10.12.2025 година** | **НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,** |
| **Скопје** | **Виктор Трпевски, с.р.** |

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-9953/17**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (8) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на петтата седница одржана на 10 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се определува висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

(2) Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие ги има сите надлежности и овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот, актите на основачот и актите на јавното претпријатие.

**Член 2**

(1) Претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале, имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

(2) Висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и во нето износ изнесува:

- За претседателот на надзорниот одбор надоместок од 6.000,00 денари, и

- За членовите на надзорниот одбор надоместок од 5.000,00 денари.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-9771/19**
**од 10.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9953/18**
**од 11 декември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за Локалната Самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 28 став (1) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Гази Баба на 5та седница одржана на 10.12.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ГАЗИ БАБА**

За **2025** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаГАЗИ БАБА за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 17.641.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **17.641.000** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421210 | Централно греење | 0 | 8.917.854 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 2.357.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 1.690.259 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 4.439.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 236.887 | 0 | 0 |
| | | **0** | **17.641.000** | **0** | **0** |

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на Службен Гласник на Општина Гази Баба и станува составен дел на буџетот за 2025 година

Бр. 09-9771/20

Претседател на Советот на Општината

**Виктор Трпевски**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Општина Гази Баба, решавајќи по барањето на инвеститорот **Исен Муртези** со адреса **ул.18 бр.23, Инџиково, Скопје**, врши

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**на известување за издадено Одобрение за градење со УП1 Бр.28-402/2023 од 01.04.2025 година**

Општина Гази Баба постапувајки по барањето на инвеститорот **Исен Муртези** со адреса **ул.18 бр.23, Инџиково, Скопје**, поднесено под **УП1 БР.28-402/2023** од 22.09.2023 год, за издавање на одобрение за градење за објект со намена **А1-домување во станбени куќи на КП 147/1 КО. Инџиково,** Општина Гази Баба, по извршениот увид во планската документација со која располага како и по извршената оценка на доставените докази и прилози, издаде Одобрение за градење на ден 01.04.2025 година.

Овој орган во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење ги известува непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, согласно чл.62-а од Законот за градење (“Сл.весник на РМ” број.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Сл. Весник на РСМ“ бр.244/19 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23 год.)

Се повикува следниот сосед или од него овластено лице, во рок од 7 (седум) дена од објавување на оваа јавна објава да се обратат до Општина Гази Баба, како би била извршена уредна достава на известувањето:

1. Атанасовска Светлана со адреса на ул. Јани Лукровски бр.5 ,Скопје;
2. Миленковски Гоце со адреса на ул.Финска бр.15, Скопје;

Оваа јавна објава се смета за уредна достава и согласно член 84 ст. (6) од Законот за општата управна постапка, негативните последици кои можат да настанат од непостапувањето по истата ги сноси барателот.

**УП1 Бр.28-402/2023**
од 26.11.2025 година
Скопје

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за формирање на Локален совет за превенција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

**ОДЛУКА** за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

**ОДЛУКА** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за млади лица до 35 години, при изградба, доградба или надградба на прв дом . . . . . . . . . . . . . . . 14

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 20

**ОДЛУКА** за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 22

**ОДЛУКА** за давање согласност за склучување на договор за изменување и дополнување на основен договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за проектирање, финансирање, изградба и стопанисување на систем за јавно осветлување во Општина Гази Баба . . 24



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . .26

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Блок 17 од УПВНМ за изградба на индустриска зона на локалитет заобиколница од клучка "Хиподром" до клучка "Сингелиќ", Општина Гази Баба, Скопје, плански период (2025 - 2030) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .28

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .35

**ОДЛУКА** за донесување на техничка исправка за ГП 03.2, ГП 03.6 и ГП 03.11 од ДУП за градска четврт СИ 01, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје (плански период 2023 - 2028 . . . . . .40

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . .44

**ОДЛУКА** за определување на висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . .49

**ОДЛУКА** за определување на висината на надоместокот за претседателот и членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .52

**ОДЛУКА** за проширување на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . . . . . . .54

**ЈАВНА ОБЈАВА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .55

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.21/25**
**5 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци